Врз основа на член 73 став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 мај 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Даути Даут од Чаир, Скопје УП2 09-180/26 од 3 април 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_38_20260309_259 од 26.03.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_38_20260309_259 од 26.03.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Даути Даут од Чаир, Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-180/26 од 3 април 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. УП1 бр. NCC_38_20260309_259 од 26.03.2026 година, издадено поради некомплетна документација за приклучок на објект.

Според Електродистрибуција – Барателот за бараната КП 2112/1 и КП 2112/1 КО Центар 1 има веќе пет постоечки броила. Постоечките броила на барателот се на фасада на неговиот објект и според поднесената документација за легализирани станови барателот има легализирано 5 станови и има пет броила моментално кои што се водат на барателот и другите сопственици на имотниот лист.

Напонските прилики со приклучување на барателот ќе се во границите кои што се пропишани според Мрежните правила.

Барателот е одбиен поради тоа што има веќе пет постоечки броила а според поднесената документација барателот има пет легализирани станови, односно според поднесената документација на барателот не му следува ново броило за одвојување на инсталација.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 12 мај 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-180/26 од 3 април 2026 година;
2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 7 април 2026 година со прилог:

- Слика од барањето за согласност за приклучување
- Слики од броила
- Извештај за пад на напон во мрежата
- Еднополна шема – постоечка и новопредвидена состојба
- Изјава за согласност од сопственици
- Решение за легализација
- Приговараното Решение

- Имотен лист
- GIS скица

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Видно од доставената документација, поточно од имотниот лист бр.4495, КО Центар 1, кој е наведен во барањето, во евиденцијата на Агенцијата за катастар на недвижности се запишани четири единици, и тоа:

- објект бр.1, намена А1, влез 001, кат ПР, број 001, намена СТ, површина 67m$^2$,
- објект бр.2, намена А1, влез 001, кат ПР, број 000, намена О, површина 20m$^2$,
- објект бр.4, намена А1, влез 001, кат 01, број 000, намена СТ, површина 122m$^2$,
- објект бр.4, намена А1, влез 001, кат ПР, број 000, намена СТ, површина 124m$^2$,

Оттука, а имајќи во предвид дека за објектот се издадени согласности за пет броила, согласно барањето не може да се издаде уште едно броило.

Регулаторната комисија за енергетика го имаше во предвид и имотниот лист бр.98331, КО Центар 1, но во истиот не се евидентирани објекти на КП бр.2112/3, а сопственоста на земјиштето е на Република Македонија.

Исто така, Регулаторната комисија за енергетика го имаше во предвид и Решението за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект бр.УП-09-467 од 15 октомври 203 година, правосилно на 31 октомври 2023 година издадено од Општина Чаир. Со ова решение се утврдува правен статус на бесправен објект: станбена куќа кој се наоѓа на КП 2112/1 КО Центар 1, ИЛ 4495 и КП 2112/3, КО Центар 1, ИЛ 98331, кој објект е означен како:

- објект бр.1, намена Подрум, влез 1, стан 1, намена станбен простор, површина 203m$^2$,
- објект бр.1, намена Приземје, влез 1, стан 1, намена станбен простор, површина 190m$^2$,
- објект бр.1, намена Приземје, влез 1, стан 1, намена помошна површина, површина 15m$^2$,
- објект бр.1, намена Кат 1, влез 1, стан 1, намена станбен простор, површина 206m$^2$,
- објект бр.1, намена Кат 1, влез 1, стан 1, намена помошна површина, површина 17m$^2$,
- објект бр.1, намена Кат 2, влез 1, стан 1, намена станбен простор, површина 202m$^2$,
- објект бр.1, намена Кат 2, влез 1, стан 1, намена помошна површина, површина 17m$^2$,
- објект бр.1, намена Масандра, влез 1, стан 1, намена станбен простор, површина 207m$^2$,
- објект бр.1, намена Масандра, влез 1, стан 1, намена помошна површина, површина 17m$^2$,

И покрај тоа што во постапката не е доставен имотен лист од кој ќе се утврди дека објектот е евидентиран во Агенцијата за катастар на недвижности соодветно на Решението за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, може од самото решение да се заклучи дека се работи за објект со пет станбени единици, па имајќи во предвид дека за објектот се издадени согласности за пет броила, согласно барањето не може да се издаде уште едно броило.

Согласно член 19 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) операторот на електродистрибутивниот систем (понатаму: ОДС) не смее да ги приклучува на дистрибутивната мрежа објектите за кои не е издадено одобрение за градење или решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект во согласност со закон за градење или не е издаден соодветен документ согласно закон.

Согласно член 20 од Мрежните правила приклучувањето на дистрибутивната мрежа се одвива преку спроведување на следните три постапки:

1) поднесување на Барање за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа преку електронската платформа на ОДС
2) прифаќање на Условите за приклучување на дистрибутивната мрежа на ОДС од страна на корисникот и
3) ставање под напон на приклучокот.

Согласно член 22 од Мрежните правила корисниците на дистрибутивната мрежа се должни да обезбедат Решение за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа и Договор за приклучување на дистрибутивната мрежа од ОДС при:

1) изградба на нов објект кој се приклучува на дистрибутивната мрежа
2) поставување на генераторски единици од обновливи извори на електрична енергија за сопствени потреби или за продажба
3) инсталирање на уред за складирање на електрична енергија (УСЕЕ)
4) зголемување на одобрената максимална едновремена моќност на корисникот на дистрибутивната мрежа
5) промена или реконструкција на приклучокот по барање на корисникот на дистрибутивната мрежа
6) одвојување на инсталации на објект кој е веќе приклучен на дистрибутивната мрежа
7) спојување на инсталации на објект кој е веќе приклучен на дистрибутивната мрежа
8) во случаите наведени во член 27 од овие Мрежни правила.

Согласно член 23 ставови (1) и (2) од Мрежните правила Барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на потрошувач и Барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на производител се поднесува во електронска форма преку електронската платформа на ОДС. Електронската апликација за Барање за согласност за приклучување на потрошувач особено содржи:

1) Податоци за барателот
2) Причина поради која се поднесува барањето
3) Локација на приклучокот
4) Технички податоци за приклучокот
5) Потребни документи кои барателот треба да ги прикачи на електронската платформа

Согласно став (8) од истиот член документацијата во прилог на барањето се прикачува во електронска форма.

Согласно член 31 став (1) точка 1) од Мрежните правила, ОДС ќе издаде Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа преку електронската платформа, на корисничкиот профил на барателот во случај кога барателот нема да ја комплетира документацијата во рок од 15 дена, по претходно известување од ОДС.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–180/26**
**18 мај 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**